**20251974000**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Врз основа на член 34-ѓ став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25), директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ КАЈ КОЈ НЕ Е УТВРДЕН ПРАВНИОТ СТАТУС ВО РАМКИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИТЕ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на решението за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони.

Член 2

Решението за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони се издава на образец во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1250/2
22 септември 2025 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за технолошки, индустриски развојни зони
д-р **Гоце Димовски,** с.р.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони врз основа на член 34-ѓ став (3) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, а во врска со членовите 87 и 88 од Законот за општата управна постапка, решавајќи по барањето на ________________________________________________ од __________________ поднесено под бр. ____________од____________ година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони**

1. Барањето бр. ________ од ________ година, на барателот __________________ ________________________________________________________ со седиште во Технолошко индустриската развојна зона _______________________ за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони СЕ УВАЖУВА.

2. СЕ ПОТВРДУВА објект во рамките на Технолошко индустриската развојна зона______________________________________________________________________
________________________________________________________________________
(вид на објект кај кој не е потврден правен статус)
кој е изграден на земјиште во блок_________, градежна парцела _____._____ со површина на објект од ___________$м^2$ согласно Геодетскиот елаборат за утврдување на фактичка состојба бр.______од________година, на земјиште сопственост на_______________со право на долготраен закуп на градежно земјиште на ________________согласно Договорот за закуп бр.___________од __________година.

3. По правосилноста на ова решение истото претставува правен основ за запишување на правото на сопственост на објектот во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, а при запишувањето се прибележува дека објектот добил правен статус согласно Законот за технолошки индустриски развојни зони.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Барателот______________________________________________________________________ поднесе барање бр.__________ од__________година за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на Технолошко индустриската развојна зона ________
________________________________________________________________________________
(вид на објект кај кој не е потврден правен статус)

кој е изграден на земјиште во блок_________, градежна парцела _____._____ со површина на објект од ___________м$^2$ согласно Геодетскиот елаборат за утврдување на фактичка состојба бр.______од________ година.

Барателот со барањето достави:

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

(се наведува документацијата доставена кон барањето)

По приемот на барањето за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на Технолошко индустриската развојна зона___________, Комисијата формирана од директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со решение бр. _____ од ________ година, во присуство на подносителот на Барањето изврши увид и фотографирање на самото место, состави Записник бр. ______ од_______ година со кој се утврдија следните околности:

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________ .

Согласно Геодетскиот елаборат за утврдување на фактичка состојба бр. ____________ од ____________ година, се утврдени следните параметри на објектот:

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________ .

До Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е доставен доказ за платен надоместок за издавање на Решение за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони.

Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, ценејќи ги приложените докази и Записникот за извршен увид на самото место утврди дека се исполнети условите од член 34 – д од Законот за технолошки индустриски развојни зони и одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука:

Против решението може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Бр.________________

МП.

___________ година

Скопје

Директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

____________________________

Доставено до:
- Барателот
- Архива